Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.32/20) и член 129[а] од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 03/02), 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Демир Хисар со број 17-1209/18 од 22.12.2021 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**За спроведување на Јавен увид**

**на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е2.1- технички преглед на автомобили на дел од КП 2762/1, м.в. „Папраѓе", КО Слепче, Општина Демир Хисар**

Се организира јавен увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е2.1-техмички преглед ан автомобили, КО Слепче, Општина Демир Хисар, изработен од Биро за урбанизам Томе ДООЕЛ Урбанизам, со техн. број У-04/21 од јули 2021.

Граници на планскиот опфат на Урбанистичкиот проект се:
-На север граничи со КП 2769, КО Слепче
-На исток граничи со регионалниот пат Демир Хисар-Битола или КП бр. 2761, КО Слепче
-На југ граничи со КП 4141 КО Слепче, река
-На запад граничи со КП бр. 2774, КО Слепче
Опфатот на вака предложениот Урбанистички проект има површина од 1,15ха.

Јавниот увид ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Демир Хисар- www.demirhisar.gov.mk., во времетраење од 15 дена, почнувајќи од 21.03.2022 год. до 04.04.2022 година.

Се известуваат сите заинтересирани граѓани и правни лица од конкретното подрачје дека во горе-наведениот рок може да достават забелешки, предлози, мислења на анкетни листови во општинската администрација.

Информации на тел. 047/ 552 661.

изработил: Катерина Радовска
одобрил: Соња Наумовска

Бр.11-170/2
18.03.2022

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
Градоначалник
Никола Најдовски